МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
ЦЕНТАР ЗА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

НАСТАВНА ПРОГРАМА

КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ

IV ГОДИНА

ТЕКСТИЛНО-КОЖАРСКА СТРУКА

Техничар за обувки

Скопје, 2008 година

1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

1.1. Назив на наставниот предмет: КОНТРОЛА НА КВАЛИТЕТ

1.1. Образовен профил и струка

1.2.1. Образовен профил: техничар за обувки

1.2.2. Струка: текстилно-кожарска

1.3. Диференцијација на наставниот предмет

13.1. Карактеристичен за образовниот профил

1.4. Година на изучување на наставниот предмет

1.4.1. Четврта

1.5. Број на часови на наставниот предмет

1.5.1. Број на часови неделно: 2 часа

1.5.2. Број на часови годишно: 66 часа

1.6. Статус на наставниот предмет

1.6.1. Задолжителен

2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

По совладувањето на наставната програма по ***контрола на квалитет*** ученикот стекнува вештини и знаења и се оспособува:

- да го дефинира поимот квалитет на готов производ;
- да ги објаснува поимите и принципите за квалитетот во кожарското производство;
- да ги применува стандардите за квалитет во кожарското производство;
- да го сфаќа значењето на квалитетот во кожарското производство;
- да ги наведува факторите кои влијаат на квалитетот од кожарските производи;
- да ги опишува методите и алатките кои го подобруваат квалитетот;
- да подготвува извештај од контролата на квалитетот во кожарското производство;
- да развива чувство за одговорност кон контролата на квалитетот во кожарското производство.

3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешно совладување на наставната програма и за постигнување на зацртаните цели по предметот ***контрола на квалитетот*** потребно е ученикот да поседува знаења од наставните предмети: технологија на изработка на обувки, моделирање на обувки и практична настава од III година

4.ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

4.1Структуирање на содржините за учење

Тематски целини	Бр.на часови	Конкретни цели	Дидактички насоки	Корелација меѓу тематските целини и меѓу предметите
1. ДЕФИНИРАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ ВО КОЖАРСКОТО ПРОИЗВОДСТВО	**8**	***Ученикот:*** -да ги разликува поимите поврзани со контролата, обезбедувањето и управувањето со квалитетот; -да ја истакнува улогата на квалитетот кај кожарските производи; -да го сфаќа значењето на квалитетот на суровините (влезните материи) во кожарското производство; -да укажува на квалитетот на секоја операција при кожарското производство; - да го дефинира квалитетот на готовиот производ; -да го доведува квалитетот во врска со пакувањето на готовиот производ; -да ја сфаќа улогата на услугите за квалитетот на производот.	-Објаснување на основните поими за квалитетот преку примери од кожарското производство, -поврзување на техничко-технолошкиот, економскиот и психосоциолошкиот аспект при дефинирање на квалитетот; -шематско претставување на техно-економската содржина на квалитетот; -објаснување на контролата на квалитетот на суровините и помошниот материјал при производството на обувки, пакувањето и услугите (на пр. продажбата) преку примери од текстилно-кожарското производство.	Водење на технолошкиот процес за производство на обувки

2. ПРИМЕНА НА СТАНДАРДИТЕ ВО КОЖАРСКОТО ПРОИЗВОДСТВО	**8**	-Да ја познава улогата на стандардите во кожарското производство; -да ги наведува видовите на стандарди во кожарското производство; -да ја објаснува целта и содржината на стандардите во кожарското производство; -да го сфаќа значењето на практичната примена на стандардите во кожарското производство.	-Укажување на поврзаноста на стандардизацијата и квалитетот; презентирање на: - различни видови стандарди; - практична примена на стандардите во кожарското производство (за влезните материјали, изработка, пакувањето и производите), ISO; - стандардите за системи за обезбедување на квалитет.	Водење на технолошкиот процес за производство на обувки
3. ФАКТОРИ ЗА КВАЛИТЕТ ВО КОЖАРСКОТО ПРОИЗВОДСТВО	**6**	-Да ја познава улогата на сите 9М фактори на квалитетот; -да го истакнува значењето на факторот човек во обезбедувањето на квалитетот; - да го потенцира најзначајниот фактор за квалитетот во кожарското производство; -да ги наведува факторите кои	- Објаснување на 9М факторитена квалитетот (според англиската транскрипција)човек, материјал, машина, метода, мерење,управување, мотивација, пазар, пари; - поврзување на факторот човек со сите други фактори во обезбедувањето на квалитетот; - дискутирање за факторите	Водење на технолошкиот процес за производство на обувки

		влијаат врз квалитетот на кожарските производи.	за квалитет и нивното значење за кожарското производство.	
4. ОРГАНИЗАЦИЈА НА КОНТРОЛАТА НА КВАЛИТЕТ	**18**	-Да ги опишува видовите на контрола на квалитетот; -да ја истакнува улогата на влезната, погонската и завршната контрола во обезбедувањето на квалитетот во производството на обувки; -да го објаснува квалитетот на влезните материјали при производството на обувки; -да го сфаќа значењето на контролата во сите фази за производство на обувки; -да ја објаснува завршната контрола на квалитетот пред готовиот производ да го напушти погонот за производство на обувки; -да ги поврзува меѓусебно влезната, погонската и завршната контрола.	-Укажување за важноста на влезната, погонската и завршната контрола на квалитетот и нивната улога во обезбедувањето на квалитетот во погонот за производство на обувки; -истакнување на значењето на испитувањето на квалитетот на влезните материјали; -претставување на фазната контрола во погонот за производство на обувки; -укажување на важноста на организацијата на влезната, фазната и завршната контрола во погонот за производство на обувки.	Водење на технолошкиот процес за производство на обувки

5. МЕТОДИ И АЛАТКИ ВО КОНТРОЛАТА НА КВАЛИТЕТ	**18**	-Да ја познава улогата на методите и алатките во контролата со цел да се обезбеди квалитетот; -да изработува контролни карти за следење процесот на производството; -да изработува Парето дијаграм; -да открива места со најголем процент на дефекти/грешки; -да ги открива причините поради кои се создале грешки; -да го толкува дијаграмот за причини и последици поради кои се создале грешки; -да ја познава организацијата на пока-јока методата.	-Демонстрирање на изработка на контролни карти и Парето дијаграм -графичко претставување на причинско-последичните врски за создавање на грешки; -презентирање на примери за создавање на грешки од кожарското производство; -објаснување на пока-јока мето дата (сите во контрола за бездефектно производство) преку примери од кожарското производство.	Водење на технолошкиот процес за производство на обувки
6. НОРМА ЗА КВАЛИТЕТОТ ВО КОЖАРСКОТО ПРОИЗВОДСТВО	**4**	-Да го истакнува значењето на нормите за продуктивноста и ефикасноста на компанијата; -да сфаќа дека квантитативната норма не смее да влијае на квалитетот; -да одредува квалитативна норма во кожарското производство.	-Поврзување на нормирањето со продуктивноста и ефикасноста во компанијата; -укажување за значењето на квалитативната норма; -одредување норма во кожарското производство.	Водење на технолошкиот процес за производство на обувки

7. ИЗВЕШТАЈ ОД КОНТРОЛАТА НА КВАЛИТЕТ	**4**	-Да ја познава улогата и целта на извештајот од контролата на квалитетот; -да подготвува извештај за квалитетот за секоја фаза на производството на обувки; -да го проследува извештајот на соодветното место (личност) заради коригирање на утврдените грешки.	-Укажување на важноста од подготвувањето на извештај од контролата на квалитетот; -давање на упатства за подготовка на извештај; -давање на инструкции во врска со местото за упатување на извештајот заради коригирање на утврдените грешки.	Водење на технолошкиот процес за производство на обувки

4.2. Наставни методи и активности на учење

Согласно целите на наставната програма по ***контрола на квалитетот*** наставникот применува повеќе наставни методи засновани на предавање, демонстрација, опис, набљудување, дискусија, учење преку сопствено откривање и др. Овие методи се користат со примена на фронтална и индивидуална форма на работа, работа во групи и парови, проследени со користење на наставни средства и помагала.

Во текот на наставата наставникот планира, објаснува, демонстрира, дава упатства, опишува, споредува, анализира, ја следи работата на ученикот, го мотивира ученикот, презентира примери од практиката, применува тестови на знаења, ги оценува постигањата на ученикот и др.

Во текот на наставта по предметот, активноста на ученикот се состои во дискутирање, прибележување, набљудување, споредување, изработување домашни задачи и друго.

4.3. Организација и реализација на наставата

Воспитно-образовната работа по ***контрола на квалитетот*** се реализира преку стручно-теоретска настава во кабинет-училница и преку организирана посета на фабрики за производство на обувки. Образовните активности се организирани во две полугодија, преку неделен распоред на часовите. Бројот на часовите кој е даден за одделните наставни целини во точка 4.1. од овој документ опфаќа часови за обработка на нови наставни содржини, повторување, утврдување.

4.4. Наставни средства и помагала

За поефикасно постигнување на целите се применуваат разни наставни средства, помагала и материјали. Во зависност од наставната единица се користи: графоскоп, компјутер, ЦД-ромови, шеми, слики, каталози и други наставни средства и помагала. За поуспешно совладување на целите на предметот се користи соодветна литература, и тоа: учебници и учебни помагала, наставни материјали подготвени од страна на наставникот, како и дополнителна литература за наставникот.

5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Оценувањето на постигањата на учениците се врши преку следење и вреднување на знаењата и умеењата континуирано во текот на целата учебна година усно, писмено преку тестови на знаења кои се користат по обработката на секоја наставна целина. Секој ученик во текот на едно полугодие добива најмалку две оценки. Доколку ученикот не ја совлада наставната програма по предметот се постапува според законската регулатива.

6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

6.1. Основни карактеристики на наставниците

Наставникот по наставниот предмет ***контрола на квалитетот*** треба да ги поседува следните персонални, професионални и педагошки карактеристики: да е физички и психички здрав, да го применува литературниот јазик и писмото на кои се изведува наставата, да е отворен и комуникативен, подготвен за соработка, да има соодветно професионално образование, со или без работно искуство, да ја сака педагошката работа, да е добар организатор, креативен, да ја почитува личноста на ученикот, да е подготвен за примена на иновации во воспитно-образовната работа.

6.2. Стандард за наставен кадар

Наставата по предметот ***контрола на квалитетот*** ја реализираат кадри со завршени студии по:
-чевларство;
по исклучок со завршени студии на:
-конфекциско инженерство;
со здобиена педагошко-психолошка и методска подготовка и положен стручен испит.

6.3. Стандард на простор

Наставната програма по ***контрола на квалитетот*** се реализира во кабинет-училница опремена според Нормативот за простор и опрема за образовниот профил техничар за обувки.

7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

7.1. Датум на изработка: март 2008 година

7.2. Состав на работната група:

1. Лепа Трпческа, советник, раководител во Центарот за стручно образование и обука - Скопје
2. д-р Виолета Чепујноска, професор, Технолошко-металуршки факултет - Скопје
3. Љубица Митева-Царева, наставник, СОУ ,,Димитар Мирасчиев'' - Штип
4. Танка Трајчева, наставник, СОУ ,,Димитар Мирасчиев ''- Штип

8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

8.1. Датум на започнување: 01.09.2008 година

9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по ***контрола на квалитет*** ја одобри министерот за образование и наука со решение бр. 07 - 4339/1 од 03.06.2008 година.